MK SIGAL Insurance Group

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 64 / 1
17.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## Член 1

Се усвојуваат измените на Дополнителни услови за осигурување на мобилни телефони бр.2018-0202-16 од 16.02.2018 .

## Член 2

1. Во точка 1 од член 2, се менуваат зборовите *УНИКА АД Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .

2. Во точка 1 од член 7 , се менуваат зборовите *uniqasteti@uniqa.mk* и истите во иднина ќе гласат *info@sigal.com.mk* .

3. Во членот 7 се додава нова точка (3), која гласи :

   *Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .*
   *Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот .*

4. Член 13 се менува и гласи :

   *Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*

## Член 3

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година .

## Член 4

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги доставт до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

SIGAL
MK Insurance Group

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување .

Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд .

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL
MK Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција
Сектор за правни работи